Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 08-195/6
17.03 2026 год.
Новаци

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ

Општина Новаци ги известува сите заинтересирани учесници дека рокот за доставување на творби по повод објавениот **Литературен и ликовен конкурс**, кој се реализира во чест на одбележувањето на 30 години од постоењето и успешното функционирање на Општина Новаци, се продолжува.

Рокот за доставување на творбите е продолжен **до 19.03.2026 година**.

Конкурсот се реализира под мотото:
„Време впишано во збор и слика – 30 години Општина Новаци создава вредности – сведоци на времето, корени, визија, иднина“,
со цел да се поттикне и афирмира уметничкото творештво преку литературниот и ликовниот израз.

Право на учество имаат сите заинтересирани автори и уметници, согласно условите наведени во конкурсот. Избраните творби ќе бидат претставени на свеченият настан организиран во чест на јубилејот.

Творбите се доставуваат во затворен плик во просториите на Општина Новаци, со назнака за литературен и ликовен конкурс.

Општина Новаци ги повикува сите љубители на уметноста и пишаниот збор да го искористат продолженият рок и да бидат дел од ова значајно јубилејно чествување.

Општина Новаци

Градоначалник

Стевче Стевановски